ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

**ОКТА најголемиот снабдувач на горива во земјата, објавува конкурс за ПЛАТЕНА практикантска работа во сектор Финансиска контрола во соработка со Американ колеџ**

Услови за аплицирање:

1. Студентот да биде 4-та година на студии од прв циклус или студент од втор циклус студии.
2. Студентот да има високо познавање на англиски јазик.
3. Студентот да има познавање на компјутерски вештини - Microsoft Office, најмногу Microsoft Excel.

Времетраење на пракса:
Практикантот ќе биде континуирано присутен на платена пракса во ОКТА АД – Скопје, извршувајќи задачи во Дирекција Финансии, во временски период од 3 месеци, со можност за продолжување, со полно работно време. **Праксата ќе започне на 01.11.2025 година**.

Обврска на компанијата:

- да му обезбеди ментор на практикантот.
- да му обезбеди храна и превоз на практикантот за целото времетраење на праксата.
- да му издаде потврда за остварена пракса на студентот со потпис од овластено лице и печат од компанијата, заверена со архивски број.

Цели на праксата

- Очекувани цели од ангажманот се практикантот да стекне практични знаења и вештини, како и да се здобие со искуство од работа во корпоративна средина.
- Практикантот ќе биде под директно менторство на менаџерот на сектор Финансиска контрола, истовремено асистирајќи во повеќе сфери на работа.
- Финансиска контрола е сектор под дирекција Финансии и опфаќа дел од следниве активности – анализа и контрола на целокупните финансиски податоци,подготовка на редовни и ад хок извештаи за менаџментот, подготовка, координација и спроведување на бизнис планови, како и мониторинг и контрола на OPEX & CAPEX, утврдување на кредитен ризик на деловните партнери преку анализа на финансиска позиција и финансиски индикатори. Практикантот ќе има директна можност за зголемување на своето знаење од аспект на напреден Microsoft Excel, напреден англиски јазик и деловна комуникација.

Сите кандидати е потребно да испратат CV и копии од документи и уверенија кои потврдуваат дека кандидатот ги исполнува условите, на следниот контакт **okta_career@helpe.gr.** При доставување на пријавата кандидатите да наведат за кој сектор аплицираат за пракса – сектор Финансиска контрола.

Избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју, по што ќе се направи финален избор на кандидати и ќе се потпише Договор за соработка со избраниот кандидат.
**Огласот е отворен најдоцна до 05.10.2025 год.**